До

Охридтурист АД Охрид

Ул. Партизанска бр.8, 6000 Охрид

Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО
Бр. 0201/16
21.03 2025 год.
Скопје

За

Одбор на директори

Врска: Собрание на Акционери

Предмет: Барање за вклучување на точка во дневниот ред за седницата на Собранието на Акционери закажана на 16.04.2025 година

Скопје, 21.03.2025 година

Согласно членот 390 од Законот за трговски друштва и член 50 од Статутот на Охридтурист АД Охрид, акционерот М-6 ДОО Скопје кој поседува над 5% акции во Охридтурист АД Охрид, предлага вклучување на нова точка на дневниот ред на седницата на Собранието на Акционери закажана на 16.04.2025 година објавен во весникот Вечер на 15/16 Март 2025 година, која гласи:

2. Одобрување на зделка со заинтересирана страна – заложување на имот

Во прилог ви доставуваме:

- **Предлог – одлука.**
- **Извод** од тековна состојба од Централниот регистар.
- **Фотокопија** од лична карта на законскиот застапник.

Акционер,

М-6 ДОО СКОПЈЕ

Управител,

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ОХРИДТУРИСТ - Охрид
Примено: 21.03.2025

Орг. един.	Број	Прилози	Вре.
03	75		

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва и членовите 59 и 100 од Статутот на Охридтурист АД Охрид, со ЕМБС 4058844 (во понатамошниот текст "Друштвото"), акционерите на Друштвото, на 16 Април 2025 година, ја усвоија следнава:

ОДЛУКА

за одобрување на зделка со заинтересирана страна - заложување на имот

Член 1

За обезбедување на обврските на лице поврзано со акционерот М-6 ДОО Скопје (М-6 ЕДЕН ДОО Скопје) согласно договор за кредит со банка, за максимален износ до 11.600.000,00 Евра во денарска противвредност, се одобрува засновање на заложно право врз следниот имот на Друштвото:

Недвижен имот:

- хотел "Десарет" евидентиран во Имотен Лист бр. 1496 за КО Пештани, на КП бр.2267 дел 1, со вкупна површина од 12.516 м^2,
- идеален дел 21644/22933 од земјиште опишано во Имотен Лист бр. 5005 за КО Пештани, и тоа:
  - градежно изградено земјиште на КП 2267 дел 1 со вкупна површина од 16.696 м^2;
  - земјиште под зграда на КП 2267 дел 1 со вкупна површина од 5734 м^2, и
  - градежно земјиште/земјиште под зграда на КП 2267 дел 1 со вкупна површина од 486 м^2.

Член 2

Со оваа Одлука се овластува извршниот директор Оливера Ставрова лично или преку лице ополномоштено од неа со специјално полномошно да ги преземе сите неопходни дејствија за спроведување на оваа Одлука, со цел потпишување и потврдување пред надлежен нотар на договор/и за хипотека на имотот наведен во член 1 и било кои други документи што се потребни за регистрација на залогот во јавните книги.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Образложение

На 21.03.2025 година акционерот М-6 ДОО Скопје, како сопственик на 75.021 обични акции или 43,54% од издадените обични акции на Друштвото, до Одборот на директори на Друштвото достави Барање за вклучување на точка во дневниот ред за седницата на Собранието на Акционери закажана на 16.04.2025 година, со предлог во дневниот ред на седницата да биде вклучена точката „Одобрување на зделка со заинтересирана страна – заложување на имот". Кон Барањето беа приложени законски пропишаните прилози.

Акционерот предложи донесување на одлука со која Друштвото ќе заснова залог на недвижен имот поради обезбедување на обврски на лице поврзано со акционерот – М-6 ЕДЕН ДОО Скопје.

Со оваа одлука Друштвото не презема финансиска обврска, а секое евентуално извршување ќе предизвика Друштвото да се стекне побарување против М-6 ЕДЕН ДОО Скопје со неспорна можност за намирување од имотот на должникот, кој е со повеќекратно повисока вредност од заложениот имот.

Претседавач на Собрание на акционери

_____